**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 192/2016), Министерството за економија објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## за субвенционирање на приватни претпријатија за сертификација на системи за квалитет според ISO стандарди

**1. Предмет на јавниот повик** е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO стандарди.

Согласно дел II, А. ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, мерка 3 – Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO стандарди од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година („Службен весник на Република Македонија", бр. 192/2016), за оваа намена предвидени се средства во вкупен износ од 800.000 денари.

За реализација на оваа мерка, Министерството за економија надоместува 70% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 100.000 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средствата.

Доколку претпријатието кое аплицира за кофинансирање на трошоци по основ на оваа мерка престане со вршење на дејност пред истекот на 1 година од датумот на добивање на средствата (освен во случај на смрт или трајна неспособност), во тој случај основачот на фирмата има обврска да врати 80% од доделените финансиски средства по основ на предвидените намени во период од 12 месеци.

По истекот на 1 година од датумот на добивање на средствата, Министерството за економија преку Централниот Регистар на Република Македонија ќе провери дали претпријатието кое било субвенционирано во 2017 година е сеуште активно. Доколку се утврди дека претпријатијето престанало со вршење на дејност Министерството за економија ќе поведе постапка за враќање на средствата.

**2. Право на учество на јавниот повик** имаат:
- приватни претпријатија што се занимаваат со производство или услужни дејности;
- приватни претпријатија кои не добиле субвенции во 2015 и 2016 година по основ на оваа намена.

**3. Потребни документи за пријавување:**

- Пополнет образец „Барање – ISO 2017" (може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk);
- Пополнет образец „Изјава-2017", заверена на нотар (може да се подигне од архивата или од веб страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk);
- Тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија – не постара од 2 (два) месеци;
- Уверение за платени даноци и придонеси од Управата за јавни приходи на Република Македонија, не постаро од 2 (два) месеци;
- Договор помеѓу барателот и сертификационото тело, склучен во текот на 2016 или 2017 година (датумот на Договорот да е пред датумот на издадениот сертификат). Доколку сертификационото тело е од странство покрај Договорот потребно е да се достави и превод на договорот на македонски јазик од овластен судски преведувач;
- Сертификат издаден во текот на 2016 или 2017 година од сертификационо тело* за менаџмент системи;

*Сертификационото тело мора да е акредитирано од акредитационо тело кое е потписник на ЕА-МЛА /ИАФ-МЛА или акредитирано од Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ) или да е во постапка за акредитација во ИАРМ. Сертификатот издаден од сертификационото тело треба да содржи знак/симбол за акредитација или текст кој упатува на акредитираниот статус на сертификационото тело. Доказ дека сертификационото тело е во постапка за акредитација е Потврда издадена од ИАРМ.

- Фактура/и од сертификационо тело;
- Извод од банката депонент или SWIFT во кој се гледа дека деловниот субјект целосно ја подмирил обврската кон сертификационото тело согласно Договорот;
- Уплатница на износ од 250,00 денари ( *Цел на дознака:* Уплата на административна такса, *Назив и седиште на примач:* Приходи на органи на управа, *Банка на примач:* Народна банка на Република

Македонија, *Трезорска сметка*: 100000000063095, *Уплатна сметка*: 840 _______ (во зависност од општината) 06116, *Приходна шифра и програма*: 725930 00 ) и

- Уплатница на износ од 50,00 денари ( *Цел на дознака*: Уплата на административна такса, *Назив и седиште на примач:* Трезорска сметка, *Банка на примач:* Народна банка на Република Македонија, *Трезорска сметка:* 100000000063095, *Уплатна сметка:* 840________ (во зависност од општината) 03161, *Приходна шифра и програма:* 722313 00 ).

**Горенаведената документација се доставува во оригинал или копија.**
**Доколку документацијата се доставува во копија, веродостојноста на секоја страница ја потврдува подносителот на барањето со свој потпис и печат.**

Барањата за субвенционирање ќе ги разгледува Комисија формирана од министерот за економија.
Изборот на апликантите кои ги исполнуваат условите утврдени во Јавниот повик, ќе се прави запазувајќи го принципот "**прв дојден, прв услужен**", односно по редослед на поднесување на апликациите, до исцрпување на расположивите средства.

Доколку поднесеното барање е некомплетно, Комисијата писмено ќе се обрати до апликантот и ќе определи рок за дополнување на Барањето за субвенционирање.
Со цел запазување на принципот " прв дојден, прв услужен ", за Барањата со некомплетна документација, како датум на поднесување на Барањето ќе се смета датумот на последното дополнување на Барањето, односно датумот кога Барањето за субвенционирање ќе биде целосно комплетирано.
По исцрпувањето на расположивите средства Министерството за економија ќе објави Известување на www.economy.gov.mk и на www.konkurentnost.mk .

Еден апликант може да користи субвенции само еднаш по овој Јавен повик.

Јавниот повик е објавен на веб страницата на Министерството за економија **www.economy.gov.mk** и на **www.konkurentnost.mk**

Барањата со комплетна документација се доставуваат во Архивата на Министерството за економија, ул. "Јуриј Гагарин" 15, Скопје, **до 29.09.2017 година**.

тел: (02) 3093 445; (02) 3093 501 www.economy.gov.mk